# КАКО ДА СИ ЈА ЗАШТИТИМЕ ПРИВАТНОСТА НА twitter ?

Twitter.com е онлајн-сервис за микроблогирање кој ви овозможува да испраќате и да читате текстуални објави не подолги од 140 карактери, познати како „твитови“.

- Има повеќе од 465 милиони кориснички сметки на Твитер.
- Во секоја секунда на Твитер се креираат 11 нови профили.
- Дневно се пуштаат 175 милиони „твитови“.

Иако Твитер е алатка со која се поттикнува развој на креативната мисла и се овозможува слобода во изразувањето, сепак треба да внимаваме на некои работи кога станува збор за нашата приватност.

## ОДРЕДЕТЕ КОИ ПОДАТОЦИ ЌЕ ГИ ОСТАВИТЕ НА СВОЈОТ ПРОФИЛ

За да објавувате на Твитер, мора да бидете регистриран корисник. Уште при креирањето на профилот се бара оставање на некои лични податоци, како што се: име и презиме, корисничко име, лозинка и имејл-адреса. Дополнително, сервисот ви овозможува да оставите и други

информации на вашиот профил, како што се: кратка биографија, фотографија, локација и линк до вашиот веб-сајт или блог.

Примарната цел на овој сервис е да ви овозможи споделување информации со светот, па така повеќето „твитови“ кои ги споделувате се јавни, сѐ додека не ги избришете или не одлучите да ги промените поставките за приватност со кои би ја ограничиле својата публика во иднина.

Доколку го користите Твитер, треба да одредите кои информации сакате да бидат видливи за регистрираните и нерегистрираните корисници на Твитер, како и при пребарувањето.

## КРЕИРАЈТЕ СИЛНА ЛОЗИНКА И „ТВИТАЈТЕ“ БЕЗБЕДНО

При креирање на вашиот профил на Твитер (или отпосле), изберете комплицирана лозинка составена од бројки, букви и од специјални знаци. Менувајте ја лозинката редовно. Доколку користите јавен компјутер, секогаш одјавувајте се од вашиот профил.

Дополнително, доколку не ви е активна, активирајте ја опцијата **Always use HTTPS** во делот **Account** на вашиот профил за поголема заштита на комуникацијата која ја остварувате преку Твитер (вклучително и на вашата лозинка) кога користите отворени, небезбедни безжични мрежи.



## ВНИМАВАЈТЕ КОИ ИНФОРМАЦИИ ГИ СПОДЕЛУВАТЕ НИЗ ВАШИТЕ „ТВИТОВИ“

Иако примарната цел на Твитер е социјалниот аспект и можноста да му кажете на светот што правите, читате или мислите во моментот, сепак треба да размислувате пред да објавите каква било информација која потоа може да биде искористена во друг контекст, па дури и злоупотребена.

**Што објавувате?** – Често, меѓу „следачите“ на Твитер има луѓе кои не ги познавате лично или не се јавно идентификувани со фотографија и име. Затоа, воздржете се од изјави за тоа како претходната вечер сте „заглавиле“ забавувајќи се во град, наместо да легнете рано за да бидете подготвени за испитот или за важната презентација пред колегите на работа која ја имате наредното утро. Помеѓу „следачите“ може да биде вашиот професор или претпоставен кој нема да има добро мислење откако ќе го прочита ова.

> Сè што објавувате на Твитер е трајно, па затоа треба мудро да избирате што ќе „твитнете“. Наедно, вашите „твитови“ можат да бидат повторно објавени и препратени и до други луѓе.

**Каде се наоѓате?** – Дополнително, избегнувајте објави со кои давате информација каде се наоѓате (или не се наоѓате) во моментот. На пример, доколку одите на одмор и сте слетале во Лондон, размислете дали сакате да им кажете на сите дека станот ви е празен. Ова е отворена покана до крадците да повелат да ве ограбат.

**Геотагирање** – Избегнувајте го и користењето на опцијата за геотагирање освен доколку не сакате вашите „следачи“ да знаат каде сте секојпат кога ќе одлучите да „твитнете“. Оваа опција е првенствено исклучена, но доколку веќе сакате да ја

користите, не заборавајте дека и понатаму можете да одлучите да не ја вклучите локацијата во секој поединечен „твит“ или дека можете барем да ја воопштите.

**Фотографија + локација** – Доколку имате фотографија од себеси на вашиот Твитер-профил и притоа кажете каде се наоѓате во моментот, ризикувате да бидете идентификувани и да бидете пронајдени од оние кои можеби не би сакале или дури, би било опасно да ги сретнете.

**Поврзување со други социјални мрежи** – Избегнувајте поврзување на вашата корисничка сметка на Твитер со други социјални мрежи како Фејсбук и Форсквер. Поврзувањето на сметките може да биде ризично за вашата приватност бидејќи публиката која ќе ги гледа вашите „твитови“ ќе биде многу поголема и ќе ги вклучува и вашите пријатели на Фејсбук и на Форсквер.

Кога користите други сервиси кои ги поврзувате со Твитер, на пример, TwitLonger кој овозможува праќање подолги текстуални содржини преку Твитер, треба да ја земете предвид политиката за приватност на тој сервис. Така, ако праќате заштитени „твитови“ до ограничена публика директно преку Твитер, не значи дека така ќе се праќаат и пораките кои ги споделувате преку TwitLonger.

## СПРЕЧЕТЕ ГО СОБИРАЊЕТО НА ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВО МОЗИЛА ФАЈРФОКС

Твитер во договор со Мозила ја направи достапна опцијата **Не сакам да бидам следен** со што оневозможува собирање приватни информации за корисниците, кои потоа се користат за рекламирање од трети страни. Опцијата се наоѓа во менито **Алатки**, во **Опции**, во јазичето **Приватност**. Во прелистувачот Гугл Хром, ова се постигнува со додатокот Keep My Opt Outs.

## ЗАШТИТЕТЕ СИ ГИ „ТВИТОВИТЕ“ ДОКОЛКУ САКАТЕ ДА ОДРЕДИТЕ КОЈ МОЖЕ ДА ГИ ГЛЕДА

При создавање кориснички профил на Твитер, тој е јавен со стандардните поставки. Ова значи дека по автоматизам вашиот профил и вашите „твитови“ се видливи за секого на интернет. Секој може да ве следи и да ги чита вашите објави без да добие посебна дозвола од ваша страна.

**Јавните твитови** можат да ги гледаат сите ваши „следачи“, но и оние кои не се, а сепак го гледаат вашиот профил.

Дефинирањето на вашите „твитови“ како **заштитени** значи дека:

- Луѓето мора да ви испратат барање за да ве следат, кое вие ќе треба да го одобрите. Можете да го одобрувате или да го одбивате секое барање за следење, па така ќе имате увид и контрола над тоа кој може да го гледа вашиот профил.
- Ја одбирате публиката која ќе може да ги гледа вашите објави. Вашиот профил и вашите „твитови“ ќе бидат видливи само за вашите одобрени следачи.
- Заштитените „твитови“ нема да бидат видливи при пребарување на Твитер и на Гугл.
- Други корисници нема да можат да ги „ретвитаат“ вашите „твитови“.
- Одговорите (@**replies**) кои ќе им ги испратите на луѓе кои не ве следат, нема да бидат видливи за тие корисници (бидејќи немаат дозвола да ги гледаат вашите „твитови“).
- Не можете да споделувате трајни линкови до вашите „твитови“ со никој друг освен со вашите одобрени „следачи“.

- Доколку одлучите да ги заштитите вашите „твитови“, тоа ќе се однесува само на оние текстуални пораки кои во иднина ќе ги праќате преку Твитер. Она што дотогаш сте го објавиле како јавно и понатаму може да биде достапно за сите.

## КАКО ДА ГИ ЗАШТИТИТЕ ВАШИТЕ „ТВИТОВИ“?

Најавете се на Твитер, а потоа од вашето корисничко мени во десниот горен агол изберете **Settings**, потоа **Account** и во делот **Tweet privacy** селектирајте ја опцијата **Protect my Tweets**. На крајот направете **Save**.




## НЕ СПОМНУВАЈТЕ ГИ ВО ВАШИТЕ „ТВИТОВИ“ @ЛУЃЕТО КОИ НЕ САКААТ ДА БИДАТ СПОМНАТИ

Она што е карактеристично за Твитер е дека корисниците често пати низ „твитови“ меѓусебно си се обраќаат и водат разни дискусии, посочувајќи некои од нивните „следачи“ со знакот „@“. Во некои случаи, погодно е да ја прашате личноста која планирате да ја споменете во вашиот „твит“ дали сака да биде означена. Во други случаи, едноставно проценете дали треба да го разоткриете вашиот пријател на Твитер, вмешувајќи го во дискусија од која тој не би сакал да биде дел. Почитувајте ја и приватноста на другите!

## ПРЕСТАНЕТЕ ДА ГИ СЛЕДИТЕ, БЛОКИРАЈТЕ ГИ И ПРИЈАВЕТЕ ГИ НЕПОЖЕЛНИТЕ КОРИСНИЦИ

Доколку не ви се допаѓа или на некој начин ви пречи она што го „твита“ некој корисник, знаете дека едноставно можете да **престанете да го следите**. Но, ако неговата активност ве вознемирува, тогаш можеби треба да размислите за блокирање.




**За да блокирате** одреден корисник, појдете на неговиот профил и од краткото мени изберете ја опцијата **Block** @корисничко име, со што ќе му оневозможите да ве додава во неговите листи, неговите @одговори нема да се прикажуваат на вашиот профил во листата **@mentions**, нема да може да ве следи и да ја види вашата профил-слика.

**Можете да го пријавите** Твитер-корисникот кој објавува штетни, агресивни и вознемирувачки пораки, како и оној кој претерано ги користи опциите **@reply** и **@mention**, спамира со „твитови“ во топ-темите, постојано пушта исти „твитови“ итн. Од истото мени, изберете **Report** @корисничко име **for spam**, со што овој корисник не само што ќе биде блокиран за да ви се обраќа туку и неговиот профил ќе биде прегледан од тимот на Твитер, што може да води и до суспендирање.



**Издавач:** Метаморфозис

МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

**Поддржано од:** Фондација Отворено општество – Македонија

20 години FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

**За издавачот:** Бардил Јашари
**Автор:** Ирина Шумадиева и Тамара Ресавска
**Лектура:** Марија Костовска
**Графичка обработка:** Кома

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
"Св. Климент Охридски", Скопје

004.738.5.056.5(036)

ШУМАДИЕВА, Ирина
Како да си ја заштитиме приватноста на Твитер? / [автори Ирина Шумадиева, Тамара Ресавска]. - Скопје : Фондација Метаморфозис, 2012. - 12 стр. : илустр. ; 16x16 см

ISBN 978-608-4564-39-3

1. Ресавска, Тамара [автор]
а) Интернет - Безбедност - Водичи

COBISS.MK-ID 91858186